**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Четвртото продолжение на Сто и деветата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 октомври 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јанаќе Витановски, Весна Борозан, Ванчо Горѓиев, Рафет Муминовиќ, Никола Груевски, Љубе Бошковски, Славица Грковска, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Абдулади Вејсели, Љубчо Горгиевски, Али Ахмети, Гзим Острени и Џезаир Шакири, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Застанавме на **21 точка. Предлог на декларација за подршка на борбата против корупцијата во Република Македонија.**

Дали може подносителот на оваа Декларација да влезе во салата.

Продолжуваме со претрес по текстот.

Предлагачите поднесоа амандман на точка 4 и тој е составен дел на текстот на предлогот на резолуцијата.

**Слободан Најдовски:** Претседателе нема амандман поднесено. Не го усогласивме оној текст кој што вчера го договаравме, бидејќи дел од пратеничките групи не дојдоа, така да тој амандман не е поднесен.

**Љупчо Јордановски:** Беше прифатен од вас, само требаше технички да се исправи.

**Слободан Најдовски:** Рековме вчера ако го усогласиме текстот, ќе го прифатиме. Ние вчера не го усогласивме. Денес повторно закажав во 10 часот да се видиме со претставниците на пратеничките групи. Дел од пратеничките гурпи не дојдоа, така да сеуште тој текст за тој амандман не е усогласен. И нема поднесено амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, значи остануваме на она што е предложено во самата резолуција.

Продолжуваме со претрес по амандманот за менување на точка 3, поднесен од пратениците Горѓи Трендафилов, Чедомир Кралевски, Блаже Стојаноски, Драго Шајноски и Ристо Пејоски.

Го молам претставникот на предагачите за амандманот да се произнесе, дали предлагачите остануваат на поднесениот амандман.

Господине Мешков повелете процедурално.

**Љупче Мешков:** Јас колку што знам, вчера кога дискутиравме по другите амандмани, односно понатаму по текстот, беше кажано дека амандманот е прифатен.

Јас тогаш сакав процедурално да реагирам дека треба да се поднесе текст, како што е по деловникот да видиме и да го усвоиме.

Меѓутоа, беше речено дека амандманот е прифатен. Ако е така, предлагам да нема забуни, бидејќи ова е сепак сериозно прашање, предлагам, еве нека се закаже повторно со пратеничките гурпи, нека се даде пауза по повод амандманот, бидејќи без таков амандман работата сосема погрешен тек ќе добие, нема да ја постигне целта што треба да ја постигне.

Затоа, му предлагам на предлагачот да направиме кратка пауза, еве тука сме сега да седнеме и амандманот да го преточиме во текст.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Од наша страна нема воопшто проблем ние да седнеме и да разговараме. Но вчера, ние еднаш побаравме пауза, ги повикавме пратеничките групи да дојдат. Господинот Мешков сега сака да каже добро намерно и тоа го прифаќаме. Вчера не дојде никој од нивната пратеничка група. На крајот од седницата овде ги известивме сите дека во 10 часот повторно свикуваме седница да разговараме за текстот резолуцијата. До 10,30 часот немаше никој дојдено. По 10,30 часот ја побаравме госпоѓа Бонева и баравме сите да дојдат , но дојде само госпоѓа Болева и господин Томиќ, кој беше точно во 10 часот, како претставник на СДСМ. Нема проблем, затоа велам дека не е усогласен. Не знаеме до крај дали се согласуваат, или не се согласуваат со ова што вчера го разговаравме. Бидејќи ако се согласат, тогаш треба да ги повлечат предлагачите останатите амандмани. Затоа ние немаме нов амандман. Ние се согласуваме да има пауза, колку ќе сметате вие и ако другите пратенички сметаат дека има таква потреба. Од наша страна нема проблем за пауза и уште еднаш да седнеме.

**Љупчо Јордановски:** Очигледно јас тука треба да пресечам. Па затоа предлагам пауза до 12часот. Значи еден час да можете да се усогласите. Во спротивно, ве молам, одиме по стариот текст, со тоа што господине Најдовски вие овдека се согласивте за тој амандман. Не беше условено кога се согласивте, да се усогласи и текстот. Според тоа, бедејќи тоа беше прифатено, од вас, вие ако сега сметете дека неусогласеноста со другите делови тој амандман го прави невалиден, вие мора да поднесете амандман, да го вратите тоа на стариот текст, каде што го имавте оргиналниот. Јас така го читам Деловникот, бидејќи вие го приватвте со таа измена. Јас побарав амандман, тоа да се верифицира.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Претседателе, има стенограм и ќе се види. Амандманот е одбиен и после дискусијата во интервенцијата реков

спремни сме доколку го усогласиме текстот да го прифатиме.

Амандманот е одбиен. Видете го на почетокот стенограмот, многу убаво стои дека амандманот е одбиен.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам службите да го вратат старото сценарио. Ние фактички работиме по оригиналното сценарио, а вие ако се договорите, повелете, имате еден час пауза.

(Пауза од 11,10 часот.)

**Љупчо Јордановски: (Продолжение)**

Гласале 58 пратеника, 58 за, нема воздржани, нема против.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата, а истовремено влегуваат и пратеници)

Во салата за време на гласањето беа присутни 65 пратеника.

Значи, резултатот од гласањето е валиден.

Констатирам дека Собранието ја донесе Резолуцијата за поддршка на борбата против корупцијата во Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 109-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Почитувани пратеници, тука ќе застанеме, продолжуваме со работа во 15,оо часот по 97-та седница.

Сакам да ве известам дека во меѓувреме добивме известување од подносителите на интерпелацијата за министерот за правда дека врз основа на член 47 а во духот на член 48 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија интерпелацијата за работата на министерот за правда, госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, поднесена од Пратеничката група на ВМРО-Народна партија на 20 март 2005 година се повлекува.

Тоа е деловнички, бидејќи имавме доверба на Влада.

Остануваат две точки кои што треба да ги продискутираме на 97-та седница. Тоа е Законот за соработка со Хашкиот трибунал и Извештајот на народниот обвинител за 2004 година.

Се гледаме во 15,оо часот.

(Седницата заврши со работа во 13,25 часот).

НН/ПН 109 - 04

(По паузата седницата продолжи во 12,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Продолжуваме со претрес по текстот на амандманите.

Господине Најдовски, ве молам, како предлагач да не информирате што се договоривте за време на паузата од еден час.

Повелете, господине Најдовски, имате збор.

**Слободан Најдовски:** Во паузата што ја имавме со претставниците на пратеничките групи морам да констатирам дека најдовме, во најголем дел, разбирање и дека ние прифаќаме како предлагачи дел, односно скоро цел амандман поднесен од пратеници на ВМРО Народна партија, со извесни модификации за допрецизирање и измена во точката 2 од резолуцијата, каде што покрај поднесувањето на анкетните листови пред почнувањето на мандатот и секоја иницирана промена, како што беше залагањето на пратеници од Пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ. Во рамките на она што можевме како предлагачи да го усогласиме изготвивме и потпишавме два амандмани кои ги предлагаме, доколку бидат прифатливи за останатите во ред, што значи дека предлагаме да продолжи расправата по резолуцијата со предложените амандмани кои во меѓувреме ќе бидат поделени.

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов, имате процедурална забелешка?

**Ѓорѓи Трендафилов:** Амандманите ги чекаме.

**Љупчо Јордановски:** Чекајте, јас сега ќе почнам да ги читам амандманите, тоа е деловнички и кога ќе дојде тој амандман што сакате да го повлечете, ќе го повлечете. Во секој случај, овде имам едно сценарио на кое ќе одиме, а после сите договори мораме да ја следиме ситуацијата. Јас ќе ги читам амандманите, а вие ќе ми кажете дали одреден амандман е прифатлив или е повлечен или следи амандман врз основа на тоа. Бидејќи овие два амандмани што вие ќе ги доставите како предлагачи треба да стигнат до крајот на расправата, ако не стигнат, јас нема да ја заклучам расправата додека не стигнат тие амандмани, бидејќи деловнички е така, треба пред да се заклучи расправата да се поднесат амандманите.

Во сценариото овде се вели:

Продолжуваме со претрес по амандманот за менување на точката 3, поднесен од пратениците Ѓорѓи Трендфилов, Чедомир Краљевски, Блаже Стојановски, Драго Шајноски и Ристо Пејоски.

Повелете, господине Најдовски, што се договоривте за овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Ова е амандманот за кој ние се усогласивме, тоа е за точката 3 која се менува и гласи, го усогласивме со допрецизирање на некои одредби и во него е опфатен и дел од амандманот 3 каде што се додава точка 3-а, така што овој амандман сега вака како што се предложени не ги прифаќаме, но се инкорпорирани во амандманот кој ние го предлагаме како предлагачи, пратеничката група на ЛДП.

**Љупчо Јордановски:** По деловникот, иако тоа е формално, кажете дали се прифаќа или не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не се прифаќа.

Господине Трендафилов имате зобр.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Ние го повлекуваме овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова точка 3-а по точката 3, поднесен од пратениците Ѓорѓи Трендфилов, Чедомир Краљевски, Блаже Стојановски, Драго Шајноски и Ристо Пејоски.

Го молам преставникот да се изјасни по амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа со истото образложение како што беше и претходно.

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов, дали го повлекувате амандманот?

**Ѓорѓи Трендафилов:** Амандманот се повлекува.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за менување на точката 4, поднесен од пратениците Ѓорѓи Трендфилов, Чедомир Краљевски, Блаже Стојановски, Драго Шајноски и Ристо Пејоски.

Го молам преставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Најдовски.

**Слободан Најдовски:** И овој амандманот не се прифаќа, со оглед на тоа што секој пратеник подеднакво може да предложи измени на закони, а како што можеме да прочитаме за Комисијата за спречување на корупцијата се предлагаат некои законски измени и овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не се прифаќа.

Господине Трендафилов, имате збор.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Го повлекуваме амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Извесен сум дека еден амандман сум прескокнал, односно сценариото го немаше, а тој амандман е следниот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на точката 4 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Повелете господиен Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа, со оглед на тоа што претходно образложив, усогласивме дел од амандманите и ќе има предлог за измена на точка 4 во амандманот кој го предложија предлагачите. Сега тој е безпредметен.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 4 пратеници гласале за амандманот, еден воздржано и 52 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 7 поднесен од пратениците Ѓорѓи Трендфилов, Чедомир Краљевски, Блаже Стојановски, Драго Шајноски и Ристо Пејоски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор господинот Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Со оглед на тоа што го прифативме и амандманот за измена на насловот, овој амандман се прифаќа, бидејќи е прифатен во насловот на документот што е предложен.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и стануваат составен дел на текстот на резолуцијата.

Продолжуваме со претрес по текстот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Најдовски, имате збор.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, сакам прво да го изразам задоволството што сепак успеавме како пратеници да се усогласиме во однос на текстот на сега веќе Резолуција за поддршка на борбата против корупцијата во Република Македонија и да ја искажеме подготвеноста на пратениците во енергичната борба против корупцијата. Уште кога беше расправата за извештајот на Комисијата за спречување на корупцијата во Република Македонија, пратеничката група на ЛДП тогаш најави дека ќе поднесе декларација за поддршка на борбата против корупцијата во Република Македонија.

Причините поради кои ја поднесоме оваа, сега веќе Резолуција се неколку:

Прво, корупцијата е ако не на прво, но на едно од првите три места детектирани како негативни појави во Република Македонија.

Второ, корупцијата и организираниот криминал е една од негативните појави за кои постојано се посочува како проблем во Република Македонија за нејзино интегрирање во евроатлантските интеграции.

Понатаму, ние како пратеници не можеме да избегаме и од општиот впечаток во јавоста дека сите носители на јавни функции и чинители во општествено-политичкиот живот во Република Македонија се корумпирани и посебно на тој впечаток во јавноста на прво место конкурираат политичарите, цариниците, здравствените работници итн. Со еден збор, впечатокот е дека корупцијата навлегла длабоко во сите пори на општественото живеење во Република Македонија. Можеби ситуацијата не е така

алармантна и можеби ситуацијата не е толку лоша но мораме да појдеме од впечатокот кој што е создаден дека тоа е така, иако мораме да признаеме, сакале или не, дека во овој приод во Република Македонија посебно од 2002 година наваму, се направени неколку крупни чекори институционално за борбата против корупцијата. На самиот почеток на мандатот на овој Парламент ја формиравме комисијата за спречување на корупцијата во Република Македонија. Овој Парламент донесе закон за спречување на перење на пари. Во овој парламент се направени измени на неколку законски решенија, а тоа е во Законот за кривична постапка. Понатаму, формирана е Финансиската полиција во Република Македонија и како една од поважните работи која што е донесен и законот за финансирање на политичките партии кои исто така претставуваат една од можностите за корумпираност. Значи, во последните години главно и понатаму борбата против корупцијата се водела во институциите на системот, била канализирана низ законските рамки. И понатаму стоиме на ставот ние од ЛДП дека главната битка, главната борба против корупцијата треба да се води во институциите на системот, односно функционирањето на тие институции, и спроведувањето на законите. Но од друг страна, не можеме да преминеме и на тоа дека моралниот аспект, моралниот кредибилитет на сите учесници во политичкиот и јавниот живот во Република Македонија е од исклучителна важност во борбата против корупцијата.

Затоа, ние ја предложивме оваа декларација, сега резолуција, за да се отвори процес во кој пратениците јасно јасно и недвосмислено ќе покажат и ќе ја изразат својата политичка волја за борбата против корупцијата и преку својот сопствен пример ние како пратеници да ги повлечеме сите носители на јавни функции во Република Македонија, одговорни лица во јавни претпријатија со доминантен државен капитал, како и лица кои што раководат со институции и располагаат со средства во државна сопственост да го направиме чекорот за зајакнување на моралниот кредибилитет на личностите и институциите во Република Македонија. Со тоа сакаме и јасно да се направи дистинкција меѓу личностите и носителите на функции во Република Македонија заради тоа што не можеме позади општото да го криеме поединечното, заради тоа што ако е општиот впечаток негативен, не може сите личности да бидат негативни. Накратко заради вас и јавноста би сакал да ве запознам со содржината на декларацијата, односно сега резолуција.

1. Собранието на Република Македонија ја потврдува определеноста на пратениците во Собранието за поддршка на борбата против корупцијата и поддршка на органите чиј делокруг на работа е контрола на трошење на буџетските средства.

2. Пратениците во Собранието на Република Македонија се согласуваат на јавно објавување на анкетните листови за имотната состојба, поднесени при отпочнување на мандатот и секоја регистрирана промена, односно истите да бидат достапни на јавноста.

3. Пратениците на Собранието на Република Македонија ќе го изнесат во јавноста потеклото на својот имот и имотот на членовите на потесното семејство.

Точката 4 која што беше предложена сега се менува со амандманот, дополнета од пратеници од Пратеничката група на ВМРО Народна партија.

5. Пратениците ќе ги повикаат сите јавни личности, невласини организации, медиуми и друго да се вклучат во борбата против корупцијата и тие со својот пример за чесно заработен имот да придонесат на свој начин.

6. Пратениците ќе ги поддржат сите предлози за измена на закони кои ќе придонесат за спречување на корупцијата во Република Македонија.

7. Оваа декларација ќе се објави во "Службен весник".

Би заклучил со тоа дека и понатаму останува нашата главна определба преку законски решенија, подобрување на законската регулатива и јакнење на институциите во системот на Република Македонија да ја водиме главната борба против корупцијата.

На крајот, ние од пратеничката група на ЛДП сесни сме дека со оваа декларација нема да го решиме проблемот на корумпираност, но од друга страна, во ЛДП сметаме дека со една ваква резолуција ќе ја покажеме силната волја на пратениците во борбата против корупцијата и ќе се отвори еден процес во кој ќе се покаже силното влијание на јавноста во борбата против корупцијата.

Со надеж дека сите пратеници ќе ја поддржат оваа резолуција ве повикувам да ја поддржиме.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Најдовски.

Пред да и дадам збор на госпоѓа Бонева, сакам да ве известам и да констатирам дека предлагачите поднесоа амандмани на точка 2 и за менување на точка 4 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на резолуцијата, а тоа ви е веќе поделено на вашите места.

Повелете госпоѓо Бонева, имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ смета дека најодговорни за корупцијата во државата е извршната власт и таа е одговорна за спроведувањето на законите кои ги донесува Парламенто на Република Македонија, меѓутоа, законодавниот дом има основна задача да донесува закони кои што нема да оставаат простор да се злоупотребуваат кои што нема да оставаат простор за непосредни спогодби,

простор за дискрециони овластувања на министрите повеќе отколку што е потребно и со тоа можност за корупттивно однесување. Сметам дека во иднина времето треба да си го трошиме повеќе за измена и дополнување на постојните закони за одземање на ваквиот простор на давањето на ваква можност на извршната власт да ја злоупотребува власта и со тоа да и штети на државата. Од тие причини, сметам дека приоритет треба да ни биде во иднина менување на законите и одземање на просторот за правење на корупција во државата, за создавање на корупцијата. Цениме дека оваа резолуција која што сега се предлага на Собранието на Република Македонија м оже да даде придонес во борбата против корупцијата доколку во резолуцијата, покрај сите избрани и именувани функционери, се стават и претседателите на политичките партии, бидејќи не сите претседатели на политичкие партии во моментот се пратеници или функционери, во минатото биле функционери, а знаеме колкава може да биде моќта на претседателите на политичките партии и колку можат тие да влијаат на одредени негативни состојби во државата со кои сакаме ние да се справиме, односно да поттикнеме борба против корупцијата.

Сметаме дека во текстот на Резолуцијата треба да бидат вметнати, покрај сите носители на јавни функции, избрани и именувани функционери во државата, и претседателите на политичките партии.

ЛП/ЛЈ 109 - 04

**Силвана Бонева: (Продолжение)**

И уште една забелешка за која исто така не постигнавме согласност, а тоа е нашето инсистирање сите избрани и именувани функционери да ги објават своите анкетни листови за имотната состојба не само пред три години, во моментот на стапување на функцијата, туку и сега, значи сегашната состојба и сите идни промени од причини што сметаме дека во овие три години имаше многу активности посебно од страна на претставниците на извршната власт кои што побудија кај јавноста внимание, многу коруптувни афери, многу искази на бивши функционери, дури и на премиер на претходната Влада дека во редовите на Владата тој не може да се справи со корупцијата. И од тие причини сметаме дека неопходно е потребно со оваа декларација да ги повикаме сите носители на функции сегашната имотна состојба да ја презентираат на јавноста. Сметам дека сеуште има простор, бидејќи на договорот бевме само претставници на политичките партии, мислам дека пратениците ќе размислат дека воопшто не пречи во декларацијата да биде вметнато дека анкетните листови со сегашната имотна состојба треба да бидат ставени на увидот на јавноста од сите овие избрани и именувани функционери. Доколку се прифати ваквата сугестија од страна на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и се подобри текстот на декларацијата, сметаме дека на тој начин можеме да придонесеме сите заеднички во борбата против корупцијата иницирајќи едно вакво прашање и отварајќи можност и принудувајќи ги сите избрани и именувани функционери кои што во моментов се на функција, оние кои што биле досега на функција да ја кажат својата имотна состојба пред јавноста и да се види движењето на имотот пред три години каков бил и во моментов, значи сегашната имотна состојба на овие функционери.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседтеле, почитувани колеги. Мене ми е мило што колешката Силвана Бонева реферираше во својот став дека ова не е театар од пратеничката група на Либерално-демократската партија, туку силно изразување на политичка волја и спремност да ги отвориме сите прашања во Република Македонија. И корупцијата не почна од денеска, не почна со оваа Влада. Сега нема да дебатираме околу темата корупција и организиран криминал, за тоа ни е потребно друга тема за која што ќе дискутираме, не на пленарна седница. Тоа сме го правеле на повеќе наврати, извештајот на Антикорупциската комисија. И затоа ми е мило што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ сфати дека битката е и овде во Парламентот преку ваква резолуција, или како што беше предложено декларација. А тоа дека не се прифатени забелешките дека сегашната состојба не е вметната, напротив пратеничката на Либерално-демократската партија ја прифати сугестијата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ која гласи: и секоја регистрирана промена која што вклучува и сегашната состојба на било кој анкетен лист од поднесените анкетни листови на било кој носител на јавна функција и на било кој пратеник и во почетокот на мандатот и сега и вклучува што е многу важно идни промени на анкетниот лист. И затоа очекуваме безрезервна поддршка на декларацијата и општиот консензус кој што го постигнавме во овие усогласувања вчера после седницата и од сабајле каде што беа присутни и ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и ДУИ и ВМРО-Народна и Либералната партија. Така што сите пратенички групи во Собранието јасно ја искажаа волјата во борбата против корупцијата. И целта на пратеничката група на ЛДП сметам дека е постигната со ова прашање.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке, јас кажав за да не биде театар ова што го правиме треба да има консеквенции кои што ќе бидат во прилог на борбата против корупцијата. Ние

сметаме дека воопшто не пречи на текстот на резолуцијата доколку се стави одредба која што ќе дефинира дека сите избрани и именувани функционери треба да ја ставаат на увид на јавноста и сегашната состојба. Сметам дека секоја регистрирана промена нема да значи ништо бидејќи, ако ја ставиме во текстот изрично одредбата дека треба да биде ставена сегашната состојба, тогаш ќе ги принудиме сите оние кои што не ги пријавиле промените, да ги пријават промените и да ја ставаат на увид на јавноста сегашната состојба.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Попчитуван претседателе, почитувани колеги самата денешна расправа покажува еден висок степен на сериозност на која се пристапува кон ова прашање. Меѓутоа, за да стигнеме до резолуцијата мораме да напоменеме дека овој состав на Собранието и Владата на Република Македонија го утврди сегментот на јакнењето на борбата против организираниот криминал, корупцијата како врвен приоритет гледано комплементарно со реформата на правосудниот систем и во континуитет со останатите комплексни приоритетни активности преточени дури и во одлуката за стратешки приоритети на Владата за 2006 година. Со усвојувањето на Акциониот план за спречување на организираниот криминал со конкретни мерки и активности во ноември 2003 година од страна на Владата, а кој беше презентиран и на Конференцијата одржана на 27 и 28 ноември 2003 година во Брисел интензивирани се активностите на Владата на Република Македонија во процесот на примената на европските и меѓународните стандарди во борба против организираниот криминал, корупцијата и перењето на пари, како и во процесот на усогласување на националното законодавство со соодветните меѓународни конвенции. Во тој контекст Република Македонија потпиша и ратификува релевантни меѓународни конвенции и го усогласува своето законодавство со решенијата и стандардите со истите, земајќи ги притоа во предвид и препораките содржани во извештаите за Република Македонија подготвени од меѓународните организации и тоа Европската комисија, Комитетот на Советот на Европа за перење пари, иницијативите на Пактот за стабилност и др. Би сакал да ве потсетам и јавноста да ја потсетам дека досега се ратификувани следните конвенции: Кривичната конвенција за корупција, Цивилната конвенција за корупција, Конвенцијата за трансфер на осудени лица со дополнителни протоколи, Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, Европската конвенција за екстрадиција со дополнителни протоколи, Конвенцијата на Советот на Европа за перење на пари и откривање, заплена и конфискација на имотната корист произлезена од криминалот, Европската конвенција за пренос на казнените постапки, Европската конвенција за сузбивање на тероризмот, Конвенцијата за компјутерски криминал, Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал со протоколите, Конвенцијата на ООН за сузбивање на терористички напади со експлозивни направи, Конвенцијата за спречување на финансирање на тероризмот. Во Собранието во тек е постапка и ратификација на дополнителниот протокол кон Казнената конвенција за корупција на Советот на Европа, Конвенцијата на ООН против корупцијата усвоена од Генералното собрание на ООН.

**Љупчо Јордановски:** Господине Томиќ, првата дигресија заврши. Вратете се на текстот на резолуцијата.

**Зоран Томиќ:** Се враќам претседателе на текстот на резолуцијата. Бидејќи за да се стигне до текстот на самата резолуција мораме да кажеме што е тоа што е опфатено и сработено во изминатиот период, а за самиот текст на резолуцијата сигурно дека ќе се навратам. Би почнал со ред. Не можат да се предвидат неколку работи, а тоа е дека идејата на овој законодавен дом и на самите предлагачи е како што стои во насловот на резолуцијата да се искаже јасна политичка волја токму во борба против, ми се чини најглемото зло, а тоа е корупцијата, организираниот криминал и перењето пари. Посебно сакам да потенцирам дека не се согласувам со дел од излагањата на моите колеги дека корупцијата, или борбата против истата започнува сега. Напротив, ние не само со формирање на Комисијата за спречување перење на пари, не само со законодавство кое интензивно го менуваме, ова е начин, ова патот каде што ми се чини ги повикуваме и останатите субјекти, а за тоа зборува предложениот амандман кој е составен дел на резолуцијата и тоа амандманот на точка 4, бидејќи пратениците можат само да ги повикаат претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, министрите во Владата на Република Македонија, заменициte министри, државните секретари, советниците во Владата, Јавниот обвинител, јавните обвинители и нивните заменици, Јавниот правобранител и неговите заменици, претседателот и членовите на РСС, претседателот и судиите на Уставниот суд на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд, судиите, Народниот правобранител, меѓутоа и сите други носители на јавни функции на државно и на локално ниво, градоначалници на општините, советниците на општинските совети, градоначалникот на град Скопје, советниците во Советот на град Скопје, одговорни лица на јавни претпријатија со доминантна државна сопственост и на други правни лица кои располагаат со државен капитал. Да се согласат анкетните листови за

имотната состојба поднесени при отпочнување на мандатот и секоја регистрирана промена да бидат достапни за јавноста. Притоа, колешке Бонева, со сето уважување на она што го предлагате, значи досегашната, терминот секоја регистрирана промена е поширок термин. Согласно законот за спречување на корупција покрај анкетните листови кои овие вршители на функции веќе ги доставиле, тие се обврзани во рок од 30 дена да ја пријават секоја промена на нивната имотна состојба. И затоа по мене е исправно во текстот на законот е предложен терминот: "секоја регистрирана промена" што значи и сегашната и утрешната и онаа по две години што ќе направат. Од сите тие причини сметам дека нема пратеник во ова Собрание кој резолуцијата нема да ја поддржи. Со тоа даваме еден значаен допринос кон борбата против корупцијата, против најголемото зло на 21 век. Со други зборови пратеничката група на СДСМ во целост ќе ја поддржи реџолуцијата.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Пејоски.

Ве молам, по текстот на законот. Ова е резолуција на која што не треба да се прават и градат политички поени.

**Ристо Пејоски:** Почитуван претседателе, моето обраќање има наслов, се вика "моите скепси". Сакам да ги изложам ставовите кои ми будат скепса кога размислувам за резолуцијата за поддршка, за борбата против корупцијата. Скепсата ми се појавува кога се обидувам да ја образложам етиологијата, но и тогаш кога ја антиципирам претпоставената еволуција, а уште повеќе ми се засилува кога ја поддржувам тезата за сеопштата поврзаност во општествената ситуација на земјата. Кога размислувам за етиологијата, не можам, а да не се сетам на идеите кои се веќе во историскиот отпад насловени како акција за испитување на потеклото на имотот или имаш куќа врати стан, а некаде во тој отпад лежи и феноменот самокритика. Што ако вели мојата скепса, ако оваа акција на група пратеници кои се дел од владеачката тројка прават само духовна рециклажа на тие идеи од тој историски отпад. Тогаш, оваа доблесна политичка акција се претвара во пролонгирана политичка анестезија врз народот кој се буди од болката наречена сиромаштија, а со оваа резолуција сакаат да му инплантираат и духовна сиромаштија, потценувајќи го народното помнење. Во прилог на мојата скепса е и принципот на историчност, но и неприродно долгата транзиција на која сеуште и се валкани рацете од буричкањето по тој историски отпад. Во прилог ни е и потиснатото политичко минато во партиската потсвест што има силно одредувачко често непрепознатливо судбинско влијание. Што ако вели понатаму мојата скепса, оваа, пак ќе речам доблесна политичка резолуција ја пресретне маскираниот разбојник наречен политички договор меѓу коалиционите партнери. Тој опасен разбојник користи разни маски кој често ги менува, некогаш маски на функционер, некогаш маски на уредник, некогаш маски на колумнист, некогаш маски на невладин службеник, некогаш маски на полицаец, некогаш маски на судија. И затоа може да оперира сред бел ден, затоа што некогаш е неприметно маскиран само со законот, особено е така крвта на природното право на живот и онаа крв на економскиот и на политичкиот раст. Тој е првиот братучед на корупцијата, така добро маскиран ја силува нашата доблесна идеја преку морален популистички разврат со поимот јавност, за целите на некоја манипулација, манипулација за власт, не за народот, туку манипулација со народот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Пејоски прашањето на скепса има право на живот колку една дигресија. И затоа ве молам, вратете се на текстот на законот.

**Ристо Пејоски:** Ќе продолжам со условна дигресија. Тоа само покажува дека алузиите кои ги содржат моите скепси, вие не ги восприемате. Мојата скепса пледира да биде во право кога ја претпоставува подлата метаморфоза во еволуцијата на оваа политичка акција, реков политичка акција, кога тврди дека таа ќе се претвори во сушта спротивност. Имено, за што се работи? Кога ефектите од оваа резолуција ќе се изложат преку достапноста до народниот суд, тоа ќе биде и гласен повик до лојалните репрезенти на власта преку раскошната медиумска интелегенција која едвај чека таков повик, затоа што веќе е заморена и апатична од измислувањата на рационализации за одбрана на неуспесите на власта, а тоа се гледа како од нивните творби скоро секоја завршуваат со ступиден заклучок. Доколку имавме подобра опозиција ќе беше подобра и власта. Вака повикана, таа вазалска интелегенција креативно ќе се воздигне и ќе отпочне на хартија, на екраните, во етерот една востановена духовна ферментација која ќе започне селективна политичка инквизиција за пронаоѓање на виновниците за се што е лошо во таборот на пролитичките противници на власта за одеднаш сите октоподи и пирамиди да станат толку невидливи до самото негледање. Мојата скепса вели, кога стрелите кои се упатени кон власта, власта ги пренасочува кон политичкиот противник е најголемо негување на корупцијата, или со други зборови, рај за корупцијата во власта. Ниедна вредна власт нема другите да ги обвини за сопствените грешки. Избегнувањето на сопствената одговорност е рефлексија на корумпираноста. Не се работи само за тоа кој е крив, туку за тоа како да се разреши проблемот на корупцијата. Многу лесно за ваквото пренасочување ќе речат дека е дефокусирање на јавноста, како што милуваат да кажат дефокусираните. Сепак, тоа не е дефокусирање, тоа е процес, или дел од проект кој создава таква сознајна магла за да народот се доведе во таква состојба на бездушност, да му биде сеедно што се случува со државата и

како тоа ќе заврши. Во споменатиот процес толку верувам исто  како што толку не верувам...

**Љупчо Јордановски:** Господине Пејоски, вашата скепса и втората дигресија.

**Ристо Пејоски:** Е сега третата. Во споменатиот процес инаку е афирмативна, во споменатиот процес толку верувам исто како што толку не верувам дека во владеачката партиска тројка не постојат луѓе да предизвикаат економски и политички раст, туку се работи за оксиморонски спој на  способни и неспособни со иста цел да се доведе народот во состојба на сеедност. И детериоризирањето на оваа идеја  би била дел од таа состојба.

Мојата скепса ми кажува дека оваа намера која во својата основа и во својот почеток е една доблесна надинституционална намера. Но, заради веќе видената можност преку нејзина манипулација во политичката стварност може да се претвори во поткрепа на монструозната идеја, еден е изборот, нема алтернатива за тројката на власт. Таквата редукција на изборот во ова мото е една од најкорумпираните идеи. Поткрепена е мојата скепса во резолуцијата која гледам дека во утрото на последната четвртина од владеењето на партиската тројка, две идеи.

JM/МЛ 109 - 04

**Ристо Пејоски: (Продолжение)**

Едната божем има намера да помогне во антикорупциските процеси со тоа што ќе ја именуваат корупцијата по име и презиме сомневајки се подсвесно во капацитетите на институциите.

Другата божем невладина која сака да ја атомизира одговорноста на оваа Влада до најситни субјекти преку акцијата, спомнувајте ја Македонија по добро, поткупувајќи го народот со висока морална цел - патриотизмот и расипувајќи го со забрана да критикува и тогаш кога не му е добро.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Пејоски, скепсата ви е премногу гладна, завршивте со три дигресии.

Повелете господине Џелили имате збор.

**Агим Џелили:** Благодарам господине претседателе.

Корупцијата како и организираниот криминал како феномен кој руши држави, непознава граници и мислам дека оваа Резолуција е во функција на јавноста, транспарентноста од јавен аспект на пратениците за да го понуди своето богатство било на медиумите, било на јавноста. За тоа имаме подготвеност и ги покануваме и другите функционери почнувајќи од Претседателот на државата и до советниците на општинско ниво како носители на функции.

Мислам дека ова е обврска во однос на граѓаните, бидејќи нашата функција претходно е поврзана со слободниот глас на граѓаните и нема причини нашето работење и имот да биде таен, напротив, треба да биде транспарентно и јавно.

Затоа ние како парламентарна група сме за оваа Резолуција и ќе гласаме за. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Џелили.

Повелете господине Гештаковски имате збор.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе.

Само накратко сакам да ги искажам моите видувања околу оваа Декларација, а сега Резолуција.

Најпрвин сакам да кажам зошто пратениците се најповикани во државата да го покренат ова прашање. Не се согласувам со дел од говорниците од опозицијата кои ја нарекоа Резолуцијата дека е обична парада. Јас мислам напротив, пратениците, Собранието како најздраво ткиво во Република Македонија по ова прашање имаат морално право, должност да го покренат ова прашање.

Зошто го мислам тоа?

Бидејќи строго од првиот ден од нивниот мандат се придржуваат кон донесениот Закон за борба против корупцијата. Од првиот месец од својот мандат ја формираа Комисијата за борба против корупцијата, ги пополнија своите анкетни листови, сега ќе зборувам само за членовите на парламентарнта група на СДСМ, бидејќи сите до еден ги напишаа во определениот рок и ги ставија на јавност своите анкетни листови.

По Законот се придржувавме стриктно, ја работиме само оваа работа како пратеници. Нема повеќе пратеници директори на јавни претпријатија, нема повеќе пратеници членови на повеќе управни одбори, нема пратеници кои користат службени-државни бенефиции од типот на телефони, канцеларии, автомобили и т.н. Значи, буквално се придржувавме овие три години спрема законските определби на Законот за борба против корупцијата.

Од друга страна мој впечаток е дека во последно време спласнува оваа борба против корупцијата, Не успеавме да постигнеме една критична маса и затоа требаше да се реанимира ова прашање и точно Парламентот е тоа место, посебно да се нарпави еден општ политички консензус, а со тоа да ставиме до знаење на сите други чинители во државата дека борбата против корупцијата треба да земе поголем замав. Со тоа ќе ја разбиеме и ќе ја вратиме надешта на граѓаните на Република Македонија дека треба да ја вратат вербата во политичарите. Треба да знаат дека сите политичари не се исти. Зборот политичар најпрвин асоцира кај сите граѓани на Република Македонија за корумпирана личност и криминалец. Ние треба да докажеме дека не сме сите исти. Ние треба да направиме разлика и да ја вратиме вербата на граѓаните во политичарите, бидејќи Република Македонија, ако граѓаните на Република Македонија немаат верба во функционерите, во политичарите, нема да успее.

Јас лично да ви кажам право не сум задоволен, ова лично го кажувам, ни од степенот на корупцијата и криминалот ни од ...

**Љупчо Јордановски:** За да бидам коректен господине Гештаковски, првата дигресија помина. Продолжете.

**Кире Гештаковски:** Ниту пак сум задоволен од борбата против корупцијата и криминалот. Затоа сакам да ги повикам уште еднаш по 5-6-ти пат од оваа говорница сите релевантни фактори, пред се мислам на Државната комисија за борба против корупцијата, упорно да бара од Владата, а во исто време ја повикувам и Владата да ги исполни нивните барања околу просторното, техничкото и кадровско опремување. Јас знам

дека не се во состојба да ги пратат сите анкетни листови на сите избрани и именувани функционери. Јас знам дека немаат ни простор ни број на луѓе. Затоа ја повикувам Владата да не жали пари, ако треба дополнителни 20-30 вработувања во таа Комисија од финансиски експерти секојдневно да работат на проверка на сите наши анкетни листови.

Господине претседателе можеби и ова ќе го сватите како дигресија, но ...

**Љупчо Јордановски:** Имате право на уште две дигресии, повелете, јас ќе ви кажам.

**Кире Гештаковски:** Но, сакам само да напоменам дека во тој бивш систем во бившата држава која многу пати ја критикуваме се знаеше која фамилија колку има кози, колку има овци и колку кокошки. Се претпоставуваше годината секоја фамилија колку јајца ќе произведе, а сега се доведовме во ситуација да не можеме да ги пребродиме куќите, зградите, становите и скапите автомобили на функционерите.

Република Македонија е мала држава, а ние доаѓаме од уште помали места, совршено добро се знаеме и во Ресен совршено добро знаат фамилијата на пратеникот Гештаковски што имала во 2002 година, што има во 2005 година. Се знаело што имал од 1954 година, како се движел имотниот правец на таа фамилија. Зборот ми е се знае во целата држава, добро се знаеме само не покажуваме дека тоа треба да го прифатиме.

**Љупчо Јордановски:** Последна дигресија господине Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Сега на крајот сакам да се обратам до опозицијата со некои мои забелешки кон неа, но без да се сватам погрешно дека ги окривувам дека се тие криви за степенот на корупцијата или дека се тие криви околу неспроведувањето на ефикасна борба против корупцијата. Но, мораме да признаеме дека многу опструкции направија во овие три години кога се носеа измени и дополнувања на законите со кои власта сакаше да ја подобри ефикасноста, пред се мислам во законските измени од сферата на судството, а посебно опструкциите беа на виделина кога требаше да се постигне 2/3 мнозинство. Не можам да ја сватам логиката на опозицијата да прави опструкција на желбата на власта за поефиксана порба против корупцијата и криминалот кога знаеме дека власта е таа на позиција што може да го направи тој криминал и корупција.

На крајот да бидам конструктивен сакам да предложам мои лични предлози со кои сакам навистина да се забрза оваа борба против корупцијата. Не да биде составен дел на Резолуцијата, туку во заклучоците кои ќе ги донесеме да ги обврземе другите надлежни органи во државата за да се направат некои законски измени во законската регулатива за да тоа стане поефикасно.

Првиот мој предлог и членовите на комисиите за јавни набавки да бидат опфатени и да мораат да потпишуваат анкетни листови. Знаеме дека во 15-сет годишниот претходен период најголемата корупција беше околу јавните набавки.

Второ, измена на Законот за борба против корупцијата односно на членот 35 и сите анкетни листови да станат јавна тајна, а не државна и службена тајна.

Ја поздравувам иницијативата што дојде од опозицијата сите избрани и именувани функционери ги покажеме во секој момент како се движел нашиот имот од 2002 година наваму. Би отишол и понатаму. Ако е можно во законската регулатива да се изнајде начин и да се измени таа и да се потегне прашањето на потеклото на имотот на сите бивши функционери од 1990 година до ден денес.

Околу договорите во четири очи. Јас сум длабоко убеден дека такви договори се потребни, но само со големи брендови и би предложил во текот на преговорите да учествуваат и претседателот на Транспарентност-Македонија, да учествува и член од Државната комисија за борба против корупцијата и претставник од Здружението на медиумите, во сите можни фази за да се добие транспарентност и да не се кажува пред време во целокупната јавност и сите граѓани дека таму има некоја матна работа, таму се работи за некој профит. Само така ќе се постигне саканиот ефект ем ќе го донесеме познатиот светски бренд во Република Македонија ем нема да има сомневање дека тоа е направено на нетранспарентен и на нечесен начин.

Околу дискреционите права...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Гештаковски, вашите три дигресии завршија.

Реплика од три минути за госпоѓа Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, колега Гештаковски вие рековте дека без да сакате да ја обвините опозицијата ама вие директно ја обвинивте опозицијата како извор на корупција. Или не ги знаете каде се основните извори на корупцијата или сакате да манипулирате со јавноста.

Основните корени на корупцијата се со заобиколувањето на ембаргото и со отпочнување на приватизацијата односно погрешен модел на бирање на приватизацијата кога корупцијата на голема врата влезе во Македонија.

Во четири парламентарни состави, партии кои правеле влади, три господине Гештаковски се влади на СДСМ. Значи, ова се факти пред кои треба да молчиме сите затоа што ни се јасни на сите.

За да се бориме против корупцијата не треба само декларативно да се изјасниме дека се бориме против корупцијата, туку реално и со акција.

Зошто вие господине Гештаковски во борбата против корупцијата гласате за закони кои оставаат подотворена врата за коруптивно поведение?

Зошто не станавте против и не се изборивте против укинувањето односно за укинување на дискреционите права на министрите кои директно продуцираат корупција. Тоа е реална борба против корупција, а не да обвинувате дека опозицијата во еден свој мандат апсолутно е виновна за корупцијата. Корупцијата е модус вивенди во Македонија, а таа ако нејзините корени се лоцирани таму некаде во првиот мандат на вашата политичка партија кога правеше Влада. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Јас жалам што не ме разбра мојата колешка, јас воопшто не зборував за корупцијата од вашата претходна Влада, јас зборував за опструкциите што ги прави овој состав од опозицијата. Ќе ви кажам кога ги правеше.

Зошто толку време не се донесе законот за парнична постапка каде се забрзуваа судските процеси.

Зошто секогаш кога ни треба 2/3 мнозинство односно промени на Уставот каде се засилува и се олеснува борбата против корупцијата, вие тактизирате и опструирате. Напротив, јас не бранев ништо, туку дадов предлози и околу дискреционите права, но бев спречен од претседателот. Јас сакам да се направат измени и дополнувања за да оваа борба навистина стане ефикасна.

Јас се согласувам кога почна криминалот и корупцијата во Република Македонија, но сакам тоа да се искорени сега, со конкретни примери.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една работа би сакал да ви кажам од оваа позиција. Заврши репликата од една минута, никој никого не спречува овде да се каже она што мисли. Само би требало да имаме соодветна точка на дневен ред. Ве молам, заеднички можеме да подготвиме информација за нивото и постоењето на корупција во Република Македонија и тогаш сите овие дискусии кои сега ја минимизираат оваа Резолуција, бидејќи гледам што се дискутира, ја минимизираат оваа наша добра политичка волја, ќе се води тогаш и по таква точка на дневен ред.

Затоа немојте, ве молам, да префрлувате дека некој некого спречил. Моја добра волја е јас три минути една дигресија давам за да некој што мисли да го каже и му лежи на срцето, да го каже. Но, никого не спречувам во ова, ако се држиме до она што значи Деловник, дискутираме по текстот на законот.

Повелете госпоѓо Бонева имате три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега, смешно е да се префрла одговорноста за големата корупција во државата на опозицијата. Која е логиката да зборувате дека опозицијата е таа што има удел во огромната корупција во државата кога инструментите на моќта во државата се во рацете на извршната власт. Во исто време тоа значи и можност за коруптивно однесување. Ние како опозиција секогаш сме, почитуван колега, и секогаш се однесуваме навистина сериозно кон законите кои придонесуваат за искоренување на борбата против корупцијата и токму заради тоа бевме против непосредните спогодби да се вметнат во законите. Токму заради тоа зборуваме дека дискреционите овластувања на министрите треба да се намалат. Значи, ние сме тие кои постојано зборуваме дека треба да не оставаме простор во законите за коруптивно однесување на извршната власт.

Сметам дека е неоправдано пренасочување на одговорноста таму каде треба да ја бараме извршната власт на опозицијата.

Мило ми е што се согласувате сегашната имотна состојба сите избрани и именувани функционери да ја ставаат на увид на јавноста. Тоа е тоа што и ние го бараме. Не само состојбата пред три години. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Иако не заслужува контрареплика морам да кажам само неколку работи. Ме цитираше мене, а вели дека сум зборувал поинаку. Јас кажав да не се свати дека опозицијата има инструменти, дека инструментите се во рацете на позицијата, на власта и дека таа е во состојба во многу поголема мера да прави корупција и криминал.

Кажав дека не ја окривувам, туку бев дециден и прецизен кога кажав дека се прават опструкции на законските решенија од 2/3 мнозинство кога ни треба да ја забрзаме и да ја упростиме таа борба против корупцијата.

Сега ќе кажам конкретен пример, точно пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не го подржа Законот за парнична постапка. Нивниот лидер не одеше со месеци, а беше повикан да сведочи во скопскиот Суд-1 околу платежната картица. За тие опструкции зборувам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Самоиловска Цветанова имате збор.

**Ганка Самоиловска-Цветанова:** Благодарам претседателе, во принцип секоја иницијатива за борба против корупцијата и спречување на организираниот криминал треба да се подржи безрезервно, бидејќи веројатно тоа се двете најголеми зла на денешницата и корупцијата и организираниот криминал не само што ги уназадуваат нашите демократски процеси, туку тие се и најголемите кочничари на нашите евроатлански интеграции и со тоа ја загрозуваат нашата евроатланска перспектива.

**Ганка Самоиловска - Цветанова: (Продолжение)**

Во таа смисла, веројатно, се и сите забелешки од релевантните личности од евроатланските структури кои бараат да покажеме една вистинска акција и политичка волја истовремено за спречување на корупцијата и организираниот криминал, како едни од клучните услови за наше полноправно членство и во Европската Унија и во НАТО алијансата.

Значи, борбата против корупцијата и организираниот криминал бара широк конзензус, политички консензус, бара политичка волја, бара подготвеност, но истовремено бара, како што пред малку реков, една широко координирана акција и отворање на еден широк фронт на неколку полиња. Она што значи ние како законодавен дом каде што можеме да интервенираме во легислативата, институциите на системот, извршната власт итн. Ова што се нуди како документ од предлагачите од ЛДП односно објавување на имотните листи на пратениците и сега дополнето со други функционери е само еден сегмент во борбата против корупцијата.

Во оваа смисла и во оваа насока јас би потенцирала дека вистинските механизми за спречувањето на корупцијата и организираниот криминал се во рацете на извршната власт и во институциите на државата кои се контролирани од извршната власт и од владеачките партии. Тука би потенцирала дека ЛДП партиципира во власта и не би можела а да не напоменам дека само пред неколку дена власта донесе односно Владата донесе заклучок дека нема потреба да се укинуваат дискреционите права на министрите. Во таа смисла сметам дека истовремено не може да се уживаат бенифициите и привилегиите на извршната власт, а истовремено да се манифестира декларативна заложба, иницијатива за борба против корупцијата која во овој случај ќе биде сведена на обична декларативна заложба.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Самоиловска првата дигресија заврши.

**Ганка Самоиловска-Цветанова:** Да, првата дигресија ми заврши, сега ќе одам на втората дигресија претседателе.

Значи, со сиот респект кон поднесувачите на оваа сега пренаменета резолуција и со сиот респект кон нивната желба да придонесат во борбата за спречување на корупцијата, сметам дека вистинска борба ќе имаме доколку, како што пред малку кажа колегата Гештаковски, имаме една координирана акција и во делот на легислативата и во институциите на системот. Понатаму, сметам дека овластувањата на антикорупциската комисија во таа смисла треба да се зголемат.

Во оваа прилика јас би сакала да напоменам дека пред извесно време ние како законодавен дом го усвоивме законот за здравство каде министерот за здравство има неограничени овластувања во доменот на приватизацијата. Значи, уште едно дискреционо право. Во таа смисла, повторно ќе кажам со сиот респект и кон намерата и кон предлагачите, со цел навистина да манифестираме и на дело да покажеме иницијатива за спречување на корупцијата и организираниот криминал како партиципиенти во власта сметам дека ЛДП преку своите учесници во извршната власт, треба да покажат поголема волја и енергичност во таа смисла.

Инаку, за жал, овој документ ќе го сведеме, покрај добрата намера, како што пред извесно време кажа еден наш колега господинот Аднан Ќахил, на ниво на политички памфлет.

Уште еднаш ја поддржувам борбата против корупцијата, но повеќе би сакала да го видам тоа на дела, одколку да остане се на декларативни заложби. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Ивановска имате реплика од 3 минути. Повелете.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе,

Навистина, уште еднаш ќе кажам, благодарам за респектот што претставниците на ВМРО-ДПМНЕ го имаат спрема иницијативата на оваа сериозна резолуција, затоа што и во дискусијата, како што кажавте, точно извршната власт. Меѓутоа, ние овде во Собранието како пратеници, како пратеничка група токму од власта ја покажавме нашата доблест и јасно изразена политичка волја. Овде не е местото да зборуваме за дискреционите права во тој дел, точно е дека дискреционите права се извор на корупција, но и во демократските земји дискрециони права постојат во Владата. Пратеничката група на ЛДП цврсто стои за намалување и транспарентност во користењето на дискреционите права во Владата на Република Македонија. Тоа секогаш недвосмислено сме го кажувале во делот на функционирањето на Владата.Меѓутоа, ќе ве потсетам дека во претходната Влада на оваа тема не можеше ниту еднаш да се отвори ниедно прашање. Најголемите дискрециони права и спогодби беа склучени токму во продажбата на Телеком и продажбата на ОКТА. Не сакав на овој начин да дискутираме, меѓутоа целата вина да се

префрли во извршната власт и ќе потсетам на нашите евроатлански интеграции. Минатата недела бевме во Брисел сите пратенички групи и претставници каде што токму организираниот криминал и корупцијата беа тема на тој дијалог кој што го имавме во Европскиот парламент, а овде се присутни колегите пратеници. Република Македонија токму во делот на борба против корупцијата беше истакната како позитивен пример во таа борба, особено Државната комисија за борба против корупцијата. Акциониот план на Владата и сите преземени мерки во интегралното гранично управување во делот на корупцијата во трговија со луѓе. Така што резултатите што Владата ги постигнала на тој план во земјите од западен Балкан се далеку над сите земји во регионот. И, тоа беше посебно истакнато од претставниците на Европскиот парламент, а нашата делегација ги истакна резултатите на тој план. Меѓутоа, тоа не е тема на нашава декларација. Темата на нашата резолуција е пратениците со својот пример во овој мандат ние како пратеници професионално ја вршиме нашата фунцкија, но истакнувајќи го нашиот имот чесно стекнат сакаме да направиме разлика меѓу оние што чесно го стекнале имотот и оние коои што нечесно го стекнале имотот и оние кои што го прикриваат. Секако, истрагата е во надлежните институции во Република Македонија. Тоа е целта на пратеничката група на ЛДП. Одтаму, ќе се види кој и како ги користи дискреционите права, дали министрите на ЛДП или другите, ќе покаже времето. Целта е да се справуваме и на овој начин во Парламентот. Имаме механизми во Парламентот, имаме извештаи на антикорупциската комисија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓа Самиоловска.

**Ганка Самоиловска-Цветанова:** Јас се надевам дека дискусијата нема да се претвори во меѓупартиски препукувања од типот вие правевте, ние правевме, бидејќи од таквиот начин на дискусии ние очигледно неможеме да мрднеме од мртва точка и 14 години се наоѓаме во процесот на транзиција како единствена поскомунистичка земја. Во таа смисла јас ја подржувам акцијата и иницијативата за борбата против корупцијата, но барам како подносите на оваа декларација, сега резолуција, да покажете вистинска, комплетна акција преку вашите партиски механизми кои ги имате и преку учесниците во извршната власт. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Шакири, повелете. Ве молам, зборувајте по текстот на законот.

**Хисни Шаќири:** Благодарам господине претседател.

Јас уште на почетокот на мојата дискусија сакам да измавам дека резолуцијата ја поддржувам. Тоа е документ кој што треба да се поддржи од страна на сите пратеници, меѓутоа пред се сакам да го нагласам и тоа дека колку ние можеме да постигнеме со оваа резолуција да бидеме успешни по едно прашање кое што секој ден се дискутира и зошто да не кажам во определени кругови е и присутно. Имам предвид дека резолуцијата го има својот политички ефект. Гледано од морален аспект, мислам дека овој документ треба да ја има својата тежина, меѓутоа треба да кажеме нешто друго пред сите нас и пред јавноста. Пред јавноста која што не следи треба да кажеме дека сите луѓе кои имаат морални вредности нема потреба да им сугерираме да го направат ова или она што се однесува на прашањето на корупцијата. Меѓутоа, корупцијата како појава токму се случува кај луѓе кои немаат морални вредности и кон тие луѓе повеќе треба да се засили законската власт и мерките треба да бидат преземени преку законите и да се види која е најдобрата форма за да се спречи. Ние изгледа досега не сме успеале да имаме резултат во оваа насока, резултат кој што би бил задоволителен, затоа што неможеме да кажеме дека имаме солиден резултат во овој момент. Меѓутоа, во овие ситуации не можеме тоа да го очекуваме. Гледано воопшто да имаме еден успех, едно достигнување ние не сме направиле такво нешто и проблемите сеуште се евидентни. Токму за ова прашање мислам дека треба да се засилат повеќе институциите на државата. Треба да се даде големо значење на судската власт, но и на другите органи, како што сега ја имаме Комисијата против корупцијата, која што беше основа врз основа на закон. Треба да се даде повеќе простор и позиција што се однесува на прашањето на донесувањето на одлуки од страна на оваа Комисија, за да биде колку што е можно послободна и да има можност да донесува одлуки кои што ќе бидат навистина значајни и ќе можат директно да влијаат во средините каде што има сомнеж дека постои корупција. Сега, многу прашања се ставени во дискусија и мислам дека во оваа насока треба да истражуваме околу едно прашање кое што е многу значајно за тоа како да дојдеме до резултати и кои мерки треба да ги преземеме.

Затоа, уште еднаш кажувам дека оваа форма на дискутирање, на расправање околу оваа резолуција мислам дека има само политички ефект, а не законски правен ефект. Сепак, добро е што е предложена и е за поздравување од странан на тие кои што ја иницирале резолуцијата, но повеќе значење треба да дадеме на засилувањето, на зајакнувањето на органите за да имаат простор на дејствување за да се спречи истото Сега, дали е позиција или опозиција корумпирана или се корумпирани пратениците од кои се бара да дадат изјави, ние на почетокот дадовме изјави и можеме да продолжеме да дадеме, но ова е само една форма за да се покаже дека еве ние сведочиме дека не сме корумпирани. Во западните држави има други форми кои што ја следат оваа работа, го следат ова прашање и има посебен орган каде што самите тие треба да констатираат што и каков посед, богатство има некое лице, кој што

има имот можеби не е задолжително да го пријави. Меѓутоа има и форми со кои што може да се истражи некое богатство преку јавување или запишување од страна на соодветните органи. Тие истражуваат, на пример, доколку ќе се открие за некоја група која што се занимава со криминал, со наркотични средства. . .

**Љупчоо Јордановски:** Ве опоменувам за вашата дигресија веќе измина.

**Хисни Шаќири:** Ви благодарам. Во ред, само уште една реченица и ќе завршам. Мислам дека во овој правец треба да бидеме посериозни и кога се говори за оваа појава треба сите заедно да имаме ист пристап, затоа што оваа појава ние треба да ја елиминираме, да се бориме против оваа појава со сите средства, било политички, било оние кои што се во рамките на органите, институциите. Тежината најповеќе ја сноси судската власт и во оваа насока би сугерирал судската власт да биде поефикасна и да имаме резултати. Инаку, само преку дебатни расправи и наши јавни изјави и сугестии, ќе имаме многу мал успех. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Се вклучив во повеќе наврати, меѓутоа кратко сакам да кажам неколку работи кои што не беа кажани. Ние како предлагачи на декларацијата сега резолуција, една од главните мотиви за корупцијата, тоа е алчноста кај човекот. Затоа, сметаме дека моралот и етиката во оваа декларација се главните мотиви за поднесување на ЛДП и отворањето на ова прашање. Тоа е околу поднесувањето на декларацијата.

Јас се јавив за збор за да кажам дел од декларацијата што не беше спомнато во дискусиите, а многу важно во борбата против корупцијата, а тоа е јавното мислење и спремноста кај граѓаните и секако отворање на фронт и кај граѓаните во борбата против корупцијата. Со оваа декларација исто така сакаме да ги охрабриме граѓаните во Република Македонија да ги пријавуваат случаите на корупција во надлежните министерства, во Антикорупциската комисија. Така што, улогата на граѓаните во оваа смисла исто така е многу важна и затоа ние како пратеничка група сакавме со својот личен пример да ги поттикнеме и граѓаните за вклучување во оваа битка.

Во точка 5 од декларацијата велиме дека пратениците ќе ги повикаат сите јавни личности, невладини организации, медиуми и др. да се вклучат во борбата против корупцијата и тие со својот пример на чесно заработен имот да придонесат на свој начин.

Овде посебно ја сметам важна улогата на медиумите. Многу знаеме добро во повеќе случаи дека има често манипулации и шпекулации околу некои личности, околу некои случувања. Затоа, одговорноста на медиумите во овој процес е многу важна. И, тие во сопствените редови да ги издвојат професионалците од непрофесионалците, чесните од нечесните. Затоа, сметаме да ги повикаме исто така медиумите во искрена, чесна битка во овој проблем. Затоа, ја бараме и поддршката на медиумите при предлагањето на оваа Декларација. Ние како пратеници при предлагањето на оваа декларација исто така се соочивме со проблемот на заштита на приватноста, затоа што секоја јавна личност, без разлика колку сме изложени на јавноста, приватноста како уставно начело кое е исто така многу важно прашање, многу е важно каква атмосфера ќе создадеме во јавноста. Дали ќе биде лов на вештерки, дали ќе биде лов на малограѓанска радозналост околу нечиј чесен имот. И, тоа прашање го отворавме за безбедноста на некои имоти на луѓе во државата кои што наследиле имот, чесно стекнале имот, иако многумина нема да веруваат дека е така, меѓутоа, има и такви случаи. Но, тие дилеми, ние како пратеници во пратеничката група ги разговаравме, меѓутоа поважен беше јавниот интерес, отколку приватноста која што исто така е многу важна. Вие знаете дека во европските земји приватноста е издигната на ниво на светот, затоа што вашата приватност никој не смее да ја допре. Меѓутоа, имајќи ја предвид...

**Љупчо Јордановски:** И вашата прва дигресија заврши госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, меѓутоа е во контекс на дилемите што ги имавме ние како пратеничка група. Ќе зборувам во контекс на текстот на Резолуцијата. Затоа, сакам да истакнам одговорноста на медиумите и на владините организации во тој процес. За невладините организации ќе направам една дигресија, втора дигресија.

На средбата во Брисел, каде што беше разговарано за улогата на невладините организции во борбата против корупција, бившата европратеничка госпоѓата Соренсен, која сега води невладина организација во борбата против трговија со луѓе, каде што степенот на корупција е многу висок, истакна дека е многу важно средствата во невладините организации кои што се борат против трговијата со луѓе треба да бидат чисти. Дека им биле нудени нечисти средства и тоа на невладини организации во европска земја. Така што, капиталот и во невладините организации треба да биде чист, да не потекнува од нечесни извори. Тоа е исто така многу важна битка.

Затоа, ние како пратеничка група на ЛДП сметавме да ја истакнеме улогата на медиумите и на невладините организации, немешајќи се во нивната независност, да не бидеме погрешно сватени. Апсолутно сме за нивната независност, меѓутоа сакаме да ја потенцираме нивната одговорност во овој процес. Затоа се јавив за збор. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи, нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувама пратениците да влезат во салата, за да пристапиме кон гласање.

Предлогот на Резолуцијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 58 за, нема воздржани, нема против.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата, а истовремено влегуваат и пратеници)

Во салата за време на гласањето беа присутни 65 пратеника.

Значи, резултатот од гласањето е валиден.

Констатирам дека Собранието ја донесе Резолуцијата за поддршка на борбата против корупцијата во Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 109-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Почитувани пратеници, тука ќе застанеме, продолжуваме со работа во 15,оо часот по 97-та седница.

Сакам да ве известам дека во меѓувреме добивме известување од подносителите на интерпелацијата за министерот за правда дека врз основа на член 47 а во духот на член 48 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија интерпелацијата за работата на министерот за правда, госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, поднесена од Пратеничката група на ВМРО-Народна партија на 20 март 2005 година се повлекува.

Тоа е деловнички, бидејќи имавме доверба на Влада.

Остануваат две точки кои што треба да ги продискутираме на 97-та седница. Тоа е Законот за соработка со Хашкиот трибунал и Извештајот на народниот обвинител за 2004 година.

Се гледаме во 15,оо часот.

(Седницата заврши со работа во 13,25 часот).

ПЈ/ЛБ 109 - 04

РД/ЕП 109 - 04